# Годишен наративен извештај за 2021 година

**1.Активности на Локомотива во рамки на проектот ACT: Art, Climate, Transition во 2021 година:**

### 1.1 Генерален менаџмент на проектот или годишни средби на партнери на проектот во 2021 година / Networkmeetings

Секоја година проектот предвидува по две партнерски средби (Networkmeetings) во рамки на кои проектните партнери дискутираат за програмските активности и ја претставуваат реализираната програма, прават план на промоција, се договараат за начинот на известување, ги разгледуваат упатствата од Европската комисија и прават план на работа на периодот што следи. Средбите се реализираат во два различни града на организации/институции партнери, а престојот за време на средбата се искористува и за посета на културни активности и програма продуцирана од самите партнери во проектот. Поради пандемијата оваа година овие состаноци ќе бидат спроведени онлајн.

### 1.2 Relay Lectures - Вкоренување и циркулирање/Rrooting and circulating

Активноста Relay Lectures Локомотива ја спроведува во партнерство со Kaaitheater-Брисел, Белгија. Како партнерски бином секоја организација предлага предавач (професор, теоретичар или академик) која ќе реализира предавање на тема поврзана со екологијата во поширока смисла на значење. Темата кој овој партнерски бином ја избра како релевантна „Екофеминизам”. Во тој контекст Локомотива и Kaaitheater канат по еден предавач од локален контекст кој ќе одржи предавање во Скопје и во Брисел, вкупно 4 предавања, односно секој поединечно ќе одржи едно предавање во матичниот и едно во градот партнер. На крај од процесот двата поканети предавачи треба да изработат заеднички текст како финален резултат. Локомотива во оваа активност остварува соработка со нашата еминентна теоретичарка и кураторка на визуелна уметност и култура Сузана Милевска, како предавач од Скопје – С. Македонија.  Kaaitheater во соработка со Универзитетот во Брисел ќе поканат предавач од белгиска страна.

Предложена темата „Екофеминизам” опфаќа филозофска, политичка, феминистичка и уметничка теорија што ги комбинира еколошките проблеми со феминистичките, сметајќи дека и двете се резултат на машката доминација на општеството. Таа е гранка на феминизмот која смета дека екологијата и односот помеѓу жените и земјата се темел за неговата анализа и практика. Екофеминистичките мислители се водат според концепт за пол, според кој ги анализираат односите помеѓу луѓето и природниот свет.

Насловот на предавањето е „Чистата, валканата и хибридната: Екофеминистички уметнички практики“, предавање на Сузана Милевска во организација на Локомотива, дел од проектот Акт: уметност, клима, промена.

Сузана Милевска освен тоа што ќе одржи предавање, ќе биде ангажирана да напише текст до крај на септември, а и ќе учествува и во предавањето организирано од Каитеатар на крајот на 2021г.

Сузана Милевска е кураторка чии теоретски интереси и ги покриваат постколонијалната критика на хегемонистичките режими на моќта на претставување, феминистичката уметност и родовата теорија, партиципативните и колаборативни уметнички практики. Докторските студии по визуелна култура ги завршува на колеџот Голдсмитс во Лондон. Во 2004 година, Милевска станува Виша Фулбрајт стипендистка и истражувачка во Конгресната библиотека во САД. Во 2010 година Милевска ја издава книгата „Родови разлики на Балканот“ и ја уредува The Renaming Machine: The Book. Во 2011 година станува истражувачка во проектот Call the Witness – Roma Pavilion на 54 Меѓународна уметничка изложба - Венециското Биенале - колатерален настан и ги курира изложбите „Call the Witness“, „БАК“, „Утрехт“ и Ромскиот протокол во австрискиот Парламент. Во 2012 година Милевска ја добива Наградата „Алис“ за политичко кураторство и Наградата за култура и теорија „Игор Забел“. Од 2010-2012 година е професорка по историја на уметност и теорија на уметности на Факултетот за ликовна уметност во Скопје, додека во 2013 година предава визуелна култура и род на Институтот за родови студии во Скопје. Од

2013-2015 е професорка по Централноевропска и југоевропска историја на уметност на Академијата за ликовни уметности во Виена. Од 2016 година таа е главна истражувачка во Horizon 2020, на проектот TRACES, Politecnico di Milano.

Оваа активност ќе се реализира во различни фази во текот на целата 2021 година. Доколку меѓународните патувања се отежнати или забранети, програмата ќе се реализира онлајн преку дигитални алатки и стриминг и веб платформи.

**1.3 Collection Europe**

Во рамки на оваа активност Локомотива во соработка со партнерите Theater Rotterdam-Ротердам и Kaaitheater-Брисел го развива проектот "Спекулативен споменик/A Speculative Monument" на уметникот и истражувач Дејвид Вебер-Кребс. Реализацијата на проектот започна во 2020 година и опфати учество на 75 професионални уметници и културни работници, кои како дел процесот требаа да дадат одговор на прашањето „Што ќе се случи по вашата прва посета на театарот по неговото повторно отворање?". Целта на ова истражување беше да се направи анализа и рефлексија на актуелните состојби во уметноста и културата. Спроведеното истражување и добиените одговори ги систематизира и како резултат од првата фаза тој, заедно со партнерите, изработи публикација насловена „И тогаш вратите се отворија повторно" која ќе биде дистрибуирана до сите партнери и достапна во јавните простори и институции кои ги користат или ги раководат. Идејата е како дополнителен солидарен оутпут на проектот, оваа книга да се продава по симболична цена а приходите од продажба да одат во некој локално воспоставен фонд кој дава поддршка на уметниците погодени од кризата.

Втората фаза следи во 2021 година, и е планирана да се реализира во Скопје, како и во други градови партнери. Втората фаза во Скопје, методолошки треба да опфати: 1/Истражување преку интервјуа со публика 2/Мапирање на театарски простор и 2/Издавање на отворена публикација, или претстава/перформанс/ работилница која е збир на имагинарните искуства на гледачите/посетители на театарот. Оваа втора фаза се реализира во 2021 заедно со уметникот Давид Вебер Кребс во соработка со неговиот драматруг Симоне Бесани и локален тим од организацијата партнер и локални уметници – соработници Јасмина Василева и Ивица Димитриевски. Програмската уредничка на Локомотива е исто дел од тимот кој програмски ќе го дефинира процесот, и ќе работи на реализацијата. Сите други лица од Локомотивива ќе бидат вклучени во реализацијата, односно администрација и координација. Ќе се води грижа за учесниците во работилниците – поканета публика - да бидат во безбедна ситуација каде ќе се дискутираат искуствата со фокус на креирање на можна иднина на театарот базирана на рефлексии, визии и имагинација на моментот на отворање и отпочнување со работа на театрите и културните простори. Во истражувањето во Скопје, во комуникација со Тануровска, одлучивме дека публиката која ќе се вклучи ќе одговара на прашања кои се однесуваат на иднината на театарот, но и умeнтоста, културата и нашите општества. Оваа комуникација ќе се одвива во „рута" помеѓу два простора- точки и тоа Кино Култура и „имагинативен простор" во нова Железничка станица. Овие разговори ќе се документираат и ќе се претставаат во вид на инсталации и/или дел од презентацијата на овој процес. Откога Давид и Симоне ќе го завршат престојот во Скопје, уметниците од Скопје ќе продолжат истражување кое ќе вклучи публика од театрите од Скопје и исто така тие материјали, заедно со претходните ќе бидат дел од последното претставување. Учесниците заедно со Давид Вебер Кребс ќе одлучат што ќе биде конечниот облик на претставување, дали е публикација, или можеби претстава, работилница.

**Дејвид Вебер-Кребс** (1974) е уметник и куратор по потекло од Данска, кој живее и работи во Брисел, Белгија. Тој е уметнички истражувач кој работи со КАСК и Конзерваториумот, Школа за уметности Хогент и Ховест. Во овој период ја истражува позицијата и агенцијата на гледачот на перформанси и е заинтересиран за сценски ситуации кои се кревки, кои понекогаш флертуваат до работ на неконтролираност, а со тоа го активираат на чувството на грижа и одговорност кај гледачот. Исто така сегашната ситуација во која се наоѓаат луѓето, во која сите станале ранливи и опасни за еден друг, носи нова димензија на неговото истражување.

Повеќе за уметникот: http://davidweberkrebs.org/.

**1.4. Простори и средства/spaces and means: Други простори/Other Spaces**

Во 2021 година во рамки на оваа програма се реализираа следниве активности:

Предавање/дебата за културна политика/екологија и уметност

Целта на оваа активност е истражување, анализа и развој на културните политики преку соработки со професионалци од полето на современата култура и уметност. Во 2021 година се планира реализација на серија на дебати посветени на

„Културна соработка - политика и пракса” во кои ќе се разговара за промените кои ги донесе пандемијата на Ковид 19, односно како да се инсистира на механизми, инструменти кои ќе поддржат развојни и инклузивни политики, соработка на локално и меѓународно ниво.

Затоа оваа дебата ќе отвори теми кои се однесуваат на значењето на културната соработка, нејзината апликација и ефекти на локално ниво. Исто така, ќе отвори прашања за соработката на локално ниво во однос на донесување на јавните политики, но и политиките на институциите, односно, моделите на децентрализирано одлучување. Кои се можни политички модели кои ќе имаат демократизирачки ефект, односно дали моделот на „продолжена рака“, и слични модели овозможуваат деполитизирање но и демократизирање на културната и уметничка сфера? Или, дали „партиципацијата“ или „споделените политики“ е насока преку која може да се демократизираат процесите на одлучување во полето на културата. Начнувајќи ги прашањата за моделите на одлучување од минатото, како „моделот на самоуправување”, и моделите на одлучување кои се присутни денес како „моделот на партиципацијата“ и „споделени политики“ (shared policies) ќе ги разгледаме парадоксите кои се јавуваат околу овие два модела, односно ќе ги отвориме темите како овие модели влијаат на културната соработка и „демократизирање“ на политичките процеси. Односно дали процесите преку овие модели овозможуваат соработка помеѓу секторите каде се твори, одлучува и спроведува, или тие процеси се навидум „демократизирани“?

Предавањето/дебата под наслов „Еколошки правец/пресврт во културата: Обмислување на професиите од културата отаде одржливиот развој и позеленување“ ќе биде реализирана од Горан Томка и Вишња Кисич, членови на одборот на UNESCO за културни политики и менаџмент при Универзитетот за уметност во Белград.

## 2. Програма УМЕТНОСТ, ПОЛИТИКА, ИНСТИТУЦИЈА ТЕЛО

Оваа теориско-уметничка програма која се одвива во Кино Култура, настана од потребите театарот, танцот и перформансот да се разбираат, гледаат, прикажуваат и мислат поинаку, односно да се понудат прегледи и нови ракурси на согледување на состојбите во кои овие уметности се творат, перципираат, следат. Гледањето и рефлектирањето на уметноста во релација со контекстот, односно другите јавни сфери, области, е пристапот преку кој ќе разговараме за современите изведбени уметности, а и ќе ги разгледуваме поимите уметност, политика, институција и тело, како и нивните релации.

Јуни-август 2021

### 2.1 ПАРТИЗАНИ- Танцувај до новата зора - истражување, проект на отпор и соработка на Бојан Ѓорѓев, Синиша Илиќ, Игор Коруга, Мирјана Драгосављевиќ и Маријана Цветковиќ

Резидентниот престој Танцувај до новата зора, се одржа помеѓу јуни и август 2021 година во Белград претставува проект на отпор и соработка на уметници и истражувачи кои како почетната точка на своето истражување ги земаат иконските слики на југословенската, партизанска, танцова уметница Марта Паулин – Брина, која танцува пред илјадници мажи и жени партизани за време на Втората светска војна во Југославија. Во меѓудисциплинскиот проект уметниците создаваат симбиоза на различните капацитети и знаења од изведувачките уметности, кореографијата, визуелните уметности, фотографијата, хуманистичките дисциплини и современата критичка теорија преку повторно откривање на новата уметничка практика во социјални услови; следејќи ги белешките на Брина дека танцот требало да стане дел од борбата на народот, но и практика што била добиена како право и да биде достапна до колективна субјективност. Воедно, тематската рамка и главните прашања што ги поставува истражувањето се: Кој има право на уметност? На кого припаѓа? Кому му треба? Упорноста во борбата за еманципација значи разгранување на идејата дека уметноста треба да биде достапна и прифатлива за секого, без оглед на класата, расата, полот, итн.

Резиденцијата е поддржана од програмата Creative Crossroads на европската мрежа Life Long Burning, Министерство за култура на Република Северна Македонија и Град Скопје. 26.06 – 11.07.2021

### 2.2 Истражување и уметнички престој: Тивко трио, и отворена работилница и презентација: Раселени тела, раселени предмети од Кристина Чупке и Дарко Драгичевиќ

Помеѓу 26 јуни - 11 јули 2021 година во Скопје се случуваше тековниот проект „Тивко трио“ на Кристина Чупке и Дарко Драгичевиќ кои во соработка со Локомотива го продолжија своето истражување во Северна Македонија и како дел од нивниот престој одржаа работилница со наслов „Раселени тела, раселени предмети“. Уметниците упатуваат на различни слоеви од нивното истражување и на искуството од нивното патување во поранешна Југославија кога ги посетиле

споменицитe изградени за време и по претседателството на Тито, помеѓу 1960 и 1989 година. Овие споменици биле замислени да траат и да надживеат многу генерации, политички турбуленции и општествени пресврти. Трајниот и архитектонски изглед на спомениците им оставил впечаток на уметниците, потсетувајќи ги на присуството на дрвја. Уметниците работат со резонанциите што овие споменици ги активираат во нивните тела. Нивниот фокус е на различниот квалитет на движење активиран од внатрашната и надворешната состојба на свеста.

01.07.2021

На работилницата одржана на 1 јули, „Раселени тела, раселени предмети“, уметниците истражуваа како скулптурата и архитектурата во јавниот простор влијаат врз меморијата на телото и квалитетите на материјалите за движење кога се изместени од нивниот оригинален контекст. Нивната почетна точка беше мапирање на овие објекти на нивната оригинална локација на јавниот простор. Понатаму, тие тестира како отпечатоците од средбите со овие предмети оставени во меморијата на нашето тело може да се користат како кореографски алатки. Како втор чекор, олицетворението на овие траги на меморијата, ги вметнуваат во различна средина од оригиналната во јавниот простор. На крајот од денот на работилницата, акумулираните процеси беа споделени со јавноста.

Фотографии од истражувањето и работилницата: https://www.flickr.com/photos/albums/

Проектот беше кофинансиран од Сенатот на Берлин за култура и Европа (Глобална културна размена 2021), Гете институт Скопје, Министерство за култура на Република Северна Македонија и Град Скопје.

**2.3 Премиера на „Силата на С” со Александар Георгиев заедно со Жана Пенчева и Дарио Барето Дамас**

22.11.2021

На 46-то издание на Млад отворен театар во салата 25 мај во Младинскиот културен центар беше изведена премиерата на кореографското дело на Александар Георгиев „Силата на С“ заедно со Жана Пенчева и Дарио Барето Дамас. Авторската музика беше на Цветан Момчилов, а графичкиот дизајн на Ѓорѓи Десподов. Делото произлегува како еден од резултатите од кореографското истражување „КО-серии“ на кореографот Александар Георгиев, кое се занимава со праксата на ко-егзистирање преку кореографија и танц, а ова дело се занимава со истражување на делови од телото кои се покриени, срамни или цензурирани, и им дава поинаков визуелен и афективен однос. За делото кореографот Александар Георгиев изјавува:

„Еј, јас сум. Од позади. Одамна не си ме забележал. Само повремено ми обрнуваш внимание. Никогаш не се осмели да ме ставиш во центарот на вниманието. И јас сум уморен. Уморен сум од тоа да бидам само нешто „приватно“. Уморен сум да ме цензурираат, покриваат. Уморен сум да бидам онаму каде сонцето никогаш не допира. Време е да ме ставиш во главната улога. Можеби тоа е единствениот начин да се продолжи.

Сакам да ме набљудуваш, да ме осудуваш, да ме сакаш, да ти е незгодно со мене, да се изгубиш во мене, да ме негуваш. Ми треба да ме храниш. Ми треба да ја славиш мојата моќ. Сакам да ме гледаш како дел од тебе. Бидејќи сум тука, отсекогаш сум бил веднаш зад тебе. Јас сум клучот до непознатиот космос. Треба само да тропнеш три пати.“

Повеќе информации за целата програма на линкот: https://artpoliticsinstitutionsbody.blogspot.com/

**3. Современа кореографија и танц**

Значењата на термините МОДЕРНА КОРЕОГРАФИЈА И ТАНЦ во македонскиот контекст се поврзуваат со континуираните дебати, односно дискусии, преиспитувања и дилеми. Локомотива разви програма со истиот наслов како дел од активностите во Кино Култура, со цел да даде придонес во таа дебата. Оваа програма преку која со одредени постапки, како истражувања, резиденции, дискусии, продукции и соработки со наши и странски автори, има цел да креира поле каде ќе се овозможи развој на дискурс и исчитување на она што во нашиот контекст го нарекуваме современа кореографија и танц.

**3.1 Имагинативен кореографски центар/Imaginary Choreographic Center**

06-08.2021, 22-24.09.2021

THE ULTIMATE – Настрано тело, две работилници со Александар Георгиев и Дарио Барето Дамас во со соработка со- Имагинативен кореографски центар оддржани во просторот на социо-културниот центар Комитет и во Џебно Кино – Младински културен центар.

THE ULTIMATE - во текот на работилниците се работеше на декодирање на потенцијалите поврзани со синхронизација на усните, кои ги гледаме како практика вградена во дрег културата, каде што може да се случи деидентификација и редистрибуција на значењето на самиот термин. Што ако го разбереме синхронизирањето на усните како практика на славење и протест? Кои се процесите во кои популарните референци ни помагаат да ги нарушиме нормативните наративи? Кои се кореографските поетики на синхронизацијата на усните? Дали постоечкиот јаз меѓу изведувачот на усна-синхронизација и „вистинската“ песна може да се смета за носител на потенцијали  и  како да се актуелизираат овие потенцијали? На работилниците се разработуваа овие прашања во форма на кабаре / бурлеска, односно, како уметнички точки поврзани со синхронизација на усните.

Повеќе за активноста: https://www.lokomotiva.org.mk/ultimate/, слики: https:/www.flickr.com/pho/

Експериментално-едукативната програма беше поддржана од Министерството за култура, Град Скопје, ЛГБТИ центарот од Скопје, Комитет и МКЦ.

**3.2 #DanceAndWellBeing кампања ноември 2020 година - февруари 2021 година во соработка со Европската мрежа на танцови куќи - ЕДН**

На 21 јануари 2021 година Александар Георгиев го претстави истражувањето „Screensaver“ во форма на работилница која беше адаптирана за пошироко учевство на сите заинтересирани. „Screensaver“ се појавува како танцова пракса, но всушност е ТВ поп-шоу или само апсурдно видео рекламирање на танцовата архива од 60-тите, 70-тите, 80-тите и 90-тите години. Архива која спекулативно отвора простор за други темпоралности кои поинаку се бавеле со танцот, за да коегзистираат истовремено во денешната перцепција на танцот и кореографијата. Простор во кој конечно може да се доживее танцот што се играл илјада пати, или сеќавањето на некој танц што е виден многу пати и сите го носиме во себе; простор за танцување во идната носталгија, простор за танцување од задоволство, и кинетичко уживање. Пристапот отвора простор за задоволство од танцовото искуство и кореографија како кинематографска меморија на нашите тела.

Во оваа кампања се случи за време на блокада, кога сите театри низ Европа беа затворени, и во обид да се спречи ширењето на пандемијата на коронавирусот часовите се одвиваа онлајн. Во време кога танцот низ цела Европа претрпе уште еден удар оваа кампања беше обид танцовите уметници, организации и независни професионалци да опстојат и да ја преживеат кризата заедно.

https://www.ednetwork.eu/member/lokomotiva

https://www.ednetwork.eu/news/dance-and-wellbeing-campaign

**4. Програма Култренинг**

Во 2021 година Култренинг програмата беше организирана во формат на 4 – серии танцови и кореографски работилници кои се оддржаа во во месеците септември и ноември Младинскиот Културен Центар. Програмата создадена од Локомотива заедно со кореографи и изведувачи користеше различни кореографски алатки, во рамки на која кореографите во живо ги водеа работилниците со пријавената група на граѓани/учесници. Работилниците беа реализирани во соработка со домашните танцовите уметници и педагози Александра Петрушевска (Кореографски минијатури), Христина Ангеловска (Кореографија во процес), Викторија Илиоска и Александра Јанева Имфелд, (Заедничка настава) и Александар Георгиев заедно со Жана Пенчева и Дарио Барето Дамас (S-hall) кои во рамки на работилниците го споделуваа својот личен пристап кон телото, просторот и имагинацијата, секој со својот специфичен начин за достигнување на флуидност, координација и начинот на движење на телото заедно со учесниците кои ги следеа часовите. Работилниците овозможија поддршка и континуитет во работата на домашните уметници и можност за сите заинтересирани, да учествуваат на работилниците бесплатно. Оваа година програмата „Култренинг” беше поддржана од Министерството за култура на Република Северна Македонија и Град Скопје во соработка со МКЦ.

Повеќе за активностите: /www.lokomotiva.org.mk/e, минати активности: /www.kinokultura.org.mk/

**4.1 Кореографски минијатури работилница со Александра Петрушевска 15 – 17 септември, во Галеријата на Младинскиот културен центар.**

Во рамки на работилницата учесниците имаа можност да работат на развивање на свои танцови кореографии преку конкретна задача со дадени насоки која вклучуваше предмети како активен дел во процесот на правење кореографска минијатура. Прашања кои го водеа процесот и предизвикот беа: како да бидеме пообѕирни кон предметот кој нè придружува и да не го гледаме само како сценска алатка; како да дозволиме предметот да нè обликува и да ни покаже нови рути кои не се осмелуваме да ги следиме; како да забележиме што сè ја предизвикува промената во нас. Во текот на работилницата, заедно и поединечно се разгледуваaа различни начини на селектирање и организирање на материјали, препознавајќи ја нивната автономија. Следејќи ги чекорите за градење на различни стратегии, се работеше на релацијата и прифаќањето на останатите ентитети кои играат улога во процесот на креирање. Оваа работилница е платформа за испробување на ретки пристапи кон развивање кореографија, проширување на перцепцијата и мултиплицирање на прашањата, која воедно претставува отворен терен за истражување, танцување, креирање на материјал, кореографирање и размислување заедно.

Повеќе за активноста: https:/www.lokomotiva.org.mk/, фотографии: https://www.flickr.com/photo7

**4.2 Кореографија во процес работилница со Христина Ангеловска, 18 – 20 септември, во Галеријата на Младинскиот културен центар.**

Работилницата се развиваше преку сегментирани задачи поставени во одредена ситуација, водени од емоции и ситуации кои се будат, развиваат и завршуваат со кореографски секвенци. Кореографиите се базираа на движења инспирирани од ,,Foco technique'' - движења и вежби прилагодени за подобрување на еластичноста на телото и развивање на кореографија. Работилницата се одвиваше преку групна и динамична работа, со тоа што ќе се оформат две работни групи според телесните движења и начинот на размислување при креирање на кореогафски целини, и беше организирана преку теориско објаснување за кореографијата и основните секвенци и импровизација која ги воведе учесниците во создавањето на кореографија, конкретизација и меморирање на движења. На работилниците се даде поголем фокус на формирање на целина на движењата, ослободувањето на телото и мислите, препуштањето и доживувањето на моментот за време на изведувањето одредени движења во различни насоки низ просторот, со цел развивање на кореографски секвенци за оформување кореографска целина за сопствена изведба.

Повеќе за активноста: https://www.lokomotiva.org.mk/4458-2/, фотографии: https://www.flickr.com/photos/

**4.3 Работилница „S-Hall" на Александар Георгиев заедно со Жана Пенчева и Дарио Барето Дамас**

Во просторот Мандолински оркестар во Младинскиот културен центар, Александар Георгиев заедно со Жана Пенчева и Дарио Барето Дамас одржаа работилница за кореографија и танц на 11 ноември. Во рамките на КУЛТРЕНИНГ, кореографите и уметниците ја споделија својата фасцинација од танцот и кореографијата преку приближување кон механизмите на танцовата практика кои тој ги нарече „ S-Hall".

„S-Hall", отвора поетски простор каде низ танцот ќе се сретнеме со моќта на чувствителното, сензуалното, смиреното, осаменото, бавното, значајното, страста, срамот итн. Предлага искуство каде моќта и силата ќе се редефинираат и слават како нефиксирани структури, каде наративот ќе има поинаква логика, каде што кинетичката и визуелната работа ја манифестира моќта на срамот, моќта на чувствителното, моќта на сензуалното итн. работилниците се фокусирани на движењата и деловите од телото кои го откриваат срамот и го менуваат неговото значење и перцепција. Пристапот отвора простор за задоволство во доживувањето на танцот и кореографијата како меморија во нашите сопствени тела.

Повеќе за активноста: https://www.lokomotiva.org.mk/georgiev/, фотографии: https://www.flickr.com/9

**4.4 Заедничка настава: точки на засолниште со Викторија Илиоска и Александра Јанева Имфелд**

На 18-19 ноември, Викторија Илиоска и Александра Јанева Имфелд одржаа работилница за Заедничка настава образовен формат кој претпоставува заедничко предавање кој го третира наставниот процес како процес на учење кој обезбедува мултиперспективност и асиметрично организирање на наставните процеси, како и ре/активни искуства на предавање и учење. Овој формат ги укинува границите меѓу теоретските и практичните предмети и бара рефлективна наставна практика во образовните процеси. Станува збор за начин на пренесување знаење со учество на двајца, тројца или повеќе наставници кои истовремено предаваат обука за танц или држат работилница. Правилата за заедничка настава се одредени со клуч за оценување што е прилагодлива на конкретната ситуација, учениците и намерата на конкретната задача. Оценувањето може да го вклучува времето, целта на часот, бројот на наставници, употребата на конкретни зборови и други информации кои го обликуваат искуството како информативно, но и забавно и разиграно. Наставниците одлучуваат како и кој ќе го прецизира оценувањето. Двете уметници се среќаат во нивното истражување на едноставни идеи со кои ќе се промени фокусот од деловите на нашето тело и точките на движење во просторот. Заедно, тие ќе ги реконструираат своите начини на телесна комуникација преку допир без контакт, комуникација која подразбира да се чувствува внатрешно и надворешно и која ќе ја споделат заедно со учесниците на работилницата.

Повеќе за активноста: https://www.lokomotiva.org.mk/kultrening/, фотографии: https://www.flickr.com/

**5. МЕЃУНАРОДНА ЛЕТНА ШКОЛА КУРИРАЊЕ ВО КОНТЕКСТ**

29.08-04.09.2021 година

Меѓународната летна школа „Курирање во контекст“ нуди критичка рефлексија за различните социо-политички и економски контексти, како и можност да се развијат кураторски методи за реобмислување на практиките на современите (изведувачки) уметности во врска со активизмот, самоорганизацијата и критичкото размислување. Тематски, школата „Курирање во контекст“ е поврзана со прашањето за кураторското и неговото проширено сфаќање кое ги надминува политиките на репрезентација и презентацијата во црни или бели кутии. Школата ја анализира средината во која се произведува и шири уметноста и се фокусира на создавање знаење и можности за практичари кои сакаат да ја продолжат својата кариера како куратори во полето на изведувачките уметности и интердисциплинарноста. Школата критички се осврнува на перспективите на продукција, застапување, иницирање разни модели на презентирање и артикулирање на уметноста во одреден контекст.

Во 2021 година, „Курирање во контекст“ се одвиваше низ три модули:

- Летна школа: 29 август – 4 септември, 2021 година
- Процес на менторство и развој на проекти, текстови или идеи за кураторски проект: октомври – декември 2021 година
- Уредување и објавување на книга од клучни текстови од предавачи од школите во изминатите две години.

Школата беше на англиски јазик и ги вклучи предавачите, уметниците и кураторите: Сузана Милевска, Данае Теодориду, Амелија Џонс, Доминик Џонсон, Барбара Брајан, Воин де Воин, Рон Ејти, Силке Баке, Јасмина Заложник, Рок Вевар, Кирстен Мар и други.

Школата „Курирање во контекст“ започна како активност во рамките на проектот Курирање во контекст на Еразмус+ и партнерите „Танцфабрик“ Берлин, Универзитетот за уметности во Стокхолм и Универзитетот на Загреб во 2020година.

Оваа година школата е организирана во соработка со проектот „БрејнСтор“ од Бугарија и други партнери од мрежата „Лајф Лонг Брнинг“, а ко-куратори на школата и оваа година се Биљана Тануровска-Ќулавковски и Славчо Димитров.

Отворениот повик беше со краен рок за пријавување: 25 јули, 2021 година, и потребни документи за пријавување беа: лична биографија (CV), апстракт (за предлог за кураторски проект или труд/текст) и мотивациско писмо. Овогодинешното издание на школата, како и претходната година, се одвиваше онлајн поради пандемијата со КОВИД 19.

Од пријавијавените беа стипендирани 13 студенти - учесниците во летната школа: Ана Лазареска (С.Македонија), Елизавета Спиваковскаја (Русија), Елена Лајт (САД), Фрида Лаукс (Франција), Лида Шерафатманд (Малта), Махзабин Хаке (Бангладеш), Милко Несторoски (С.Македонија), Наталија Дрозд (Полска), Саша Клајнплац (Канада), Симона Манчева (С.Македонија), Софија Ристеска (С.Македонија), Сотирис Румелиотис (Грција) и Старделова Јана (С.Македонија).

Методи на предавањето: „Курирање во контекст“ даде увид во разни релевантни и нови теми во врска со современите (изведувачки) уметности и кураторскиот пристап, како и практични методи за развивање на идеја/проект, текст, програма итн. Курсот овозможи средина за соработка, го подобри начинот на самоорганизирано работење, работеше на алатки за развој на анализа на дела и уметнички активности, даде можност и за раст и развој преку директно менторство, фидбек формати и други пристапи што обезбедија флуидност и продукција на знаење преку процес на размена.

Формат: Програмата вклучи предавања, семинари, разговори со уметници и куратори, дискусии и интервјуа, како и раџвој на кураторски дела.

Првиот модул оваа година ги опфати темите и форматите:

- Семинар- Кураторското како партиципативно;
- Работилница - Курирање на настани како места за конструкција на општествени промени
- Предавања за локални политики, институционални и слободни кураторски пристапи
- Предавања за различни кураторски методи поврзани со прашања во јавната политика и перформансот (феминизам, екологија, квир, раса), како и институциите и перформансот
- Критички пристап кон продукција и презентација
- Разговори со уметници и куратори (од Европа и пошироко)

Програма, апстракти и биографии на предавачи на летната школа

НЕДЕЛА 29.08

11.00 -12.30 ВОВЕД И КОНТЕКСТ ПРЕЗЕНТАЦИЈА

Славчо Димитров и Биљана Тануровска-Ќулавковски, ко-куратори на школата Курирање во контекст

13.30-15: 00 ПРЕДАВАЊЕ од Доминик Џонсон, раководител на одделот за драма на Кралицата Мери, Универзитетот во Лондон /// Идиотско блаженство: Чарлс Реј, Даска дело I-II (1973)

ПОНЕДЕЛНИК 30.08

11.00 - 12.30 часот ПРЕДАВАЊЕ & СЕМИНАР (дел 1) од Сузана Милевска, д-рка по визуелна култура од колеџот Голдсмитс во Лондон, кураторка и теоретичарка за визуелна култура /// Курирање на партиципативната уметност како средство за општествени промени

13.30 - 15.00 СЕМИНАР (дел 2) од Сузана Милевска /// Курирање на партиципативната уметност како средства за општествени промени

ВТОРНИК 31.08

11.00 - 12.30 СЕМИНАР (дел 3) од Сузана Милевска /// Курирање на партиципативната уметност како средства за општествени промени

13.30 -15.30 РАБОТИЛНИЦА од Данае Теодориаду, д-рка по драматургија на современ театар и танц од Универзитетот Рохемптон во Лондон, творец на перформанси и истражувачка со седиште во Брисел

19.00-21.00 ЈАВНА ПРЕДАВАЊЕ од Амелија Г. Џонс, Роберт А. Деј професорка и продеканка на академски истражувања во Факултетот за уметност и дизајн во Роски, УСК /// Настрана заедница/Настрани перформанси

СРЕДА 01.09

11.00 -12.30 часот ПРЕДАВАЊЕ од Кирстен Мар, помлада професорка на Институтот за театарски студии, Слободен универзитет, Берлин, танцова научничка и драматург /// За интервенционистичкиот потенцијал на новите формати во современиот танц и изведба

13.30-15.30 РАБОТИЛНИЦА (дел 2), од Данае Теодориаду /// Вештачки социјални имагинарии: Курирање на настани во живо како простор на градење на социјални алтернативи

ЧЕТВРТОК 02.09

15.00-15.45 УМЕТНИЦИТЕ И КУРАТОРИТЕ ЗБОРУВААТ /// Разговор 1 Дена Давида, докторка, постмодерна практичарка, изведувачка, импровизаторка, професорка, истражувачка, кураторка и писателка /// Презентација на Турба весник за курирање на живи уметности

16.00 -16.45 УМЕТНИЦИТЕ И КУРАТОРИТЕ ЗБОРУВААТ /// Разговор 2

Воин де Воин, изведувач // презентација на своето уметничко дело

19.00-21.00 ЈАВНА ДИСКУСИЈА/ УМЕТНИЦИТЕ И КУРАТОРИТЕ ЗБОРУВААТ/ Разговор 3 КОЛЕКТИВНИ ИЗБОРИ ИЛИ КУРАТОРИСКИ СОРАБОТНИ ПРОЦЕСИ/ со Јасмина Заложник, драматург, писателка и продуцентка/Паз Понзе, независна кураторка, писателка и истражувачка на современото уметничка творештво/ Јованка Попова, кураторка во Музејот на современа уметност, Скопје, Мира Гаќина, виша кураторка во Музејот на современа уметност, Скопје

Модератори: Билјана Тануровска – Ќулавковски и Славчо Димитров

ПЕТОК 03.09

15.00- 15.45 УМЕТНИЦИТЕ И КУРАТОРИТЕ ЗБОРУВААТ/

Разговор 4 Барбара Брајан, извршна директорка на Research Research New York, независна уметничка продуцентка и кураторка/ презентација на нејзината работа како кураторка и извршна директорка во истражувањето на движењата.

16.00-16.45 УМЕТНИЦИТЕ И КУРАТОРИТЕ ЗБОРУВААТ/

Разговор 5 Рон Ејти, изведувач/презентација на неговото уметничко дело

САБОТА 04.09

11.00-13.30 ЗАВРШНА СЕСИЈА

Рефлексии/ задачи за проекти/ планови за понатамошни чекори - развој на проекти/ текстови, објавување и друго.

СОДРЖИНА НА ПРОГРАМАТА

1. ПРЕДАВАЊЕ: Идиотско блаженство: Даска на ЧарлсРеј I-II (1973)/ од Доминик Џонсон, раководител на одделот за драма на Кралицата Мери, Универзитетот во Лондон

Апстракт: Делото Даска I-II на Чарлс Реј (1973) поставува критична средба помеѓу скулптурата, уметничката изведба и фотографијата. Делото е често изложувано, но прецизната интерпретација со кое делото Даска I-II, го создава или го отфрла значењето никогаш не биле соодветно земено во предвид. Во 1970-тите години, за Реј делата „немаат [значење] - поточно нивното значење е динамично“, тој изјавил, „моите пријатели ми се смееја и ми рекоа: „Идиоте, изгледа како последиците од автомобилска несреќа или графика на Гоја“. Во експеримент во уметничкото пишување, се залагам за „идиотските“ изјави на Реј, читајќи го делото Даска I-II во врска со сообраќајни несреќи, слики од тортура, тогашната американска војна во Виетнам, и други непредвидени феномени; Се обидувам да го сторам тоа кон можно преобликување на значењето и историјата во изведувачката уметност и нејзината документација.

Доминик Џонсон е професор по изведба и визуелна култура на Одделот за драма на Универзитетот Квин Мери во Лондон (Велика Британија). Тој е автор на четири монографии, вклучувајќи ја и најновата Неограничена акција: Изведба на екстремноста во 1970-тите (2019). Тој исто така е уредник на пет книги, вклучително и Молење во крвта: Уметноста и перформансите на Рон Ејти (2013). Неговите списи се објавени во Историја на уметност, Весник за уметност, Порно студии, Преглед на современиот театар, Социјален текст и на други места; и тој е чест соработник на Уметноста Месечно.

2. ПРЕДАВАЊЕ, СЕМИНАР И ПРАШАЛНИК/ Курирање на партиципативната уметност како средства за општествени промени од Сузана Милевска, д-рка по визуелна култура од колеџот Голдсмитс во Лондон, кураторка и теоретичарка на визуелната култура

Апстракт: Некои од главните прашања што треба да се решат во ова предавање и семинар ќе бидат какви социо-политички услови и правни структури бараат, дозволуваат и/или спречуваат партиципативната уметност да ги исполни дадените ветувања за општествени и културни промени. Загатките на изведбената уметноста се многу. Курирањето на партиципативната уметност како средства за општествена промена е замислено како кураторски партиципативен и

саморефлексивен разговор напред и назад, што на крајот ќе резултира со заеднички составен интердисциплинарен прашалник. Веќе разговарав за некои од клучните противречности и фрустрации на партиципативните уметнички практики во контекст на културните движења водени од неолиберализмот. На пример, во текстот „Нечесни учеснички дела на неолибералната сцена“ (https://www.p-art-icipate.net/ ), го погледнав предизвици со кои се соочуваат уметноста со учество поради системските и институционалните загатки во современите општества, спречувајќи ги потенцијалите на таквите практики да се реализираат и да ги исполнат своите цели. Некои од важните прашања што треба да се дискутираат се поврзани со различни процесни хиерархии помеѓу уметниците, учесниците и институциите, кои произлегуваат од социо-политичките и економските системи и структури кои ги условуваат работните услови, средства и односи на производство, итн. парадоксот на партиципативната уметност, сепак, произлегува од ветувањето за општествени промени, бидејќи прашањето дали е можно суштински да се промени општеството со уметност што е произведена од уметнички институции и структури создадени од истото општество, с still уште останува нерешена загатка.

Конечниот исход на семинарот ќе биде Прашалникот за учествена уметност. Кој ќе ги собере најрелевантните итни прашања за целите, потенцијалите и неуспесите на учествената уметност, кога таквите уметнички проекти се избрани како средства за општествени промени. Прашалникот не е конципиран само како вообичаен склоп на прашања, туку функционира и како партиципативна и колаборативна истражувачка алатка која ги повикува учесниците да формулираат свои прашања и да го „хранат“ прашалникот на процесен и колаборативен начин. Ова на крајот ќе им овозможи да развијат нови партиципативни уметнички, кураторски и образовни методологии за истражување. Последно, но не и најмалку важно, Прашалникот може да се користи како помошна образовна алатка во алтернативни образовни и кураторски проекти кои се фокусираат на партиципативната уметност, или во академски контекст.

Методологија на семинарот:

Дел 1 - презентација на концептот на семинарот и отворена дискусија, вклучувајќи одговори на некои од прелиминарните прашања во врска со методологијата и форматот на Прашалникот, врз основа на информациите што треба да се достават до апликантите однапред и дискусија за прашањата поднесени од учесници во нивните апликации (по 2 прашања).

Профил на учесниците: млади професионалци од различни професии: уметници, академски истражувачи, историчари на уметност, етнографи, уметници и музејски едукатори, куратори, итн.

Дел 2 - офлајн: дистрибуција на google.doc во која учесниците ќе ги напишат своите прашања

Дел 3 - краен рок за испраќање на писмените прашања и коментари и пополнување на Прашалникот (офлајн).

Сузана Милевска е теоретичарка, кураторка на уметност и визуелната култура. Нејзините теоретски интереси вклучуваат постколонијална критика на хегемонистичките режими на моќта на претставување, феминистичката уметност и родовата теорија, партиципативните и колаборативни уметнички практики. Докторските студии по визуелна култура ги завршува на колеџот Голдсмитс во Лондон. Во 2004 година, Милевска станува Виша Фулбрајт стипендистка и истражувачка во Конгресната библиотека. Во 2010 година Милевска ја издава книгата „Родови разлики на Балканот“ и ја уредува The Renaming Machine: The Book. Во 2011 година станува истражувачка во проектот Call the Witness – Roma Pavilion на 54 Меѓународна уметничка изложба – Венециското Биенале – колатерален настан и ги курира изложбите „Call the Witness“, „БАК“, „Утрехт“ и Ромскиот протокол во австрискиот Парламент. Во 2012 година Милевска ја добива Наградата „Алис“ за политичко кураторство и Наградата за култура и теорија „Игор Забел“. Од 2010-2012 година е професорка по историја на уметност и теорија на уметности на Факултетот за ликовна уметност во Скопје, додека во 2013 година предава визуелна култура и род на Институтот за родови студии во Скопје. Од 2013-2015 е професорка по Централноевропска и јужноевропска историја на уметност на Академијата за ликовни уметности во Виена. Од 2016 година таа е главна истражувачка во Horizon 2020, на проектот TRACES, Politecnico di Milano.

